
SPARKASSE Bank

#верувајвоиднината



САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА ОДНОСИ СО НАСЕЛЕНИЕ

Senior associate for retail relationships

Локација: Тетово

Оддел: Сектор за Население / Оддел мрежа на експозитури / Експозитура Тетово

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse

35 експозитури

повеќе од 200.000 клиенти во земјата

посветеност,кредибилитет и сигурност

Што ќе биде твојата улога

- Подготовка на понуда со целосна палета на продукти и услуги на Банката согласно потребите и можностите на клиентите;
- Сеопфатно сервисирање (финансиски и сите останати банкарски услуги) на клиенти – од моментот на продажба на одреден производ до понатамошно сервисирање на клиентот, со постојан мониторинг на односот, неговото задоволство и антиципирање на идните потреби;
- Преземање на мерки со цел искористување на потенцијалот на постојното портфолио, зголемување на бројот на производите кои ги користи клиентот (cross sell/ up-sell)
- Одговорност за реализација на зададените комерцијални цели согласно насоките на деловната политика на ниво на експозитура;
- Одговорност за одржување професионални и стабилни релации со клиентите вклучувајќи и советодавна улога и исклучителен квалитет на услуга.

Кои квалификации се потребни

- Минимум ССС;
- Работно искуство во продажба и промоција на производи и услуги, остварување на таргети и работа со клиенти во банкарскиот или друг сектор/индустрија ќе се смета за предност;
- Активно познавање на работа со компјутер (MC Office);
- Познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);
- Одлични комуникациски и продажни вештини, одлични организациски вештини и способност за одредување приоритети, активна продажба, тимска работа, препознавање на ризикот во работењето и способност за работа под притисок.

Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **10.11.2026 година** со назнака **„Апликација за Самостоен соработник за односи со население - Тетово".**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината

Те очекуваме!